РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2121/2
22-07-2026 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2121/1 од 01.06.2026 година, поднесена против Здружението на граѓани за ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување по пријавениот случај.

Предметот со бр. 12-2121/1 од 01.06.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.06.2026 година, поднесена е пријава, односно нејзино дополнување на ден 12.02.2026 година, против Здружението на граѓани ---- (понатаму: Здружение на граѓани).

Подносителот на пријавата изразил сомнеж за незаконито постапување и евентуално сторување прекршувања и кривични дела од страна на Здружението на граѓани. Подносителот како родител на малолетно дете кое користело услуги во наведеното здружение, побарал увид во предметот и документацијата поврзана со неговото дете, но наместо законски уреден одговор, добил

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

неформален допис преку адвокат, со кој било одбиено да му се даде увид во документацијата поврзана со неговото дете.

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што Здружението на граѓани согласно организациониот облик 10.9, спаѓа под останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани, и како резултат на тоа управителите и вработените во Здружението на граѓани не претставуваат службени лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што ја прави ДКСК ненадлежна за постапување по предметната пријава.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата